FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**ПРЕДМЕТ:** ИЗРАБОТКА НА КОМУНИКАЦИСКИ АЛАТКИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОПШТАТА ЈАВНОСТ СО КОНЦЕПТОТ НА ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

**ДАТА:** 10 ОКТОМВРИ 2017

**Во рамки на спроведување на активностите поврзани со Споделената рамка за Правно зајакнување, Фондацијата Отворено општество – Македонија отвора повик за доставување на понуди за изработка на комуникациски алатки за имплементација на комуникациската стратегија за запознавање на општата јавност со концептот на правно зајакнување (медиумска кампања).**
**Медиумската кампања е само еден дел од пошироката и подолгорочната комуникациска стратегија за промоција на концептот на Правно зајакнување, која се состои од 4 поединечни стратегии за комуникација (1. Комуникациска стратегија за запознавање на општата јавност со концептот на правно зајакнување; 2. Комуникациска стратегија за правни проблеми на Роми; 3. Комуникациска стратегија за ЛИД и СР и 4. Комуникациска стратегија за придобивките наспроти трошоците од обезбедувањето на правни и параправни сервиси).**

***Предмет на овој повик за прибирање на понуди е имплементација на Комуникациска стратегија за запознавање на општата јавност со концептот на правно зајакнување.***
**Сите останати комуникациски стратегии (кои се во прилог на Повикот) може да послужат како дополнителен извор на информации за понудувачите, но не се предмет на овој Повик.**

## I. За Фондација Отворено општество – Македонија

ФООМ е основана во 1992 година како претставништво на странско лице, а во 1999 година како национално правно лице – фондација, во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации. ФООМ е дел од Фондациите Отворено општество (Open Society Foundations). Посветена на промовирањето отворено општество и на градењето динамични и толерантни демократии, чии влади се отчетни кон своите граѓани, ФООМ иницира и спроведува сопствени активности и ги поддржува иницијативите на пошироко граѓанско општество во Македонија во согласност со својата мисија и цели.

ФООМ поддржува и спроведува широк спектар активности во граѓанското општество, од изградба на капацитети до проекти кои придонесуваат во процесите на креирање јавни политики и застапување за општествени промени. За да одговори на потребите на различни целни групи, а особено на младите, Ромите и на социјално маргинализираните, ФООМ соработува со други невладини и меѓународни организации и донатори во насока на преземање акции кои негуваат одржлива демократија.

## II. Споделената рамка за Правно зајакнување

Правното зајакнување подразбира спротивставување кон нерамноправната распределба на моќта, давање глас на луѓето и конкретни патеки за промена на нивните животи и на општеството, за барање на своите права, подобрување на животниот стандард, решавање на своите проблеми и барање отчетност од институциите. Конкретно, се занимава со зголемување на консензусот дека правдата и развојот не може да се остваруваат преку технички решенија, туку преку промени во распределбата на моќта. Правното зајакнување се дефинира на различни начини, и параметрите на терминот се различни зависно од перспективите на оние кои со него се служат. Правното зајакнување, широко земено, е она што се случува кога сиромашните и маргинализираните се во можност да го користат правото и да изнајдат конкретни решенија за своите правни проблеми.

**Општа цел на споделената рамка за Правно зајакнување**

Главната цел на споделената рамка за Правно зајакнување е да се развие, институционализира и да се имплементираат политики кои се соодветни на нереализираните правни потреби на сиромашните и маргинализираните заедници, преку зајакнување на правните сервиси засновани во заедниците на одржливо национално ниво.

**Општа цел на споделената рамка за Правно зајакнување во Македонија:**

Надградувајќи се на нашата работа во РМ на зајакнување на Ромите, сексуалните работници, корисниците на дроги и другите маргинализирани групи за остварување на нивните здравствени права и правото на бесплатна правна помош за сиромашните, ќе се фокусираме на воспоставување и институционализација на рамката за правно зајакнување базирано во заедницата. Учеството во заедничката рамка создава можности за ФООМ да ги унапреди приодите кон институционализација на овој инструмент во однос на: (1) опфатот и квалитетот на правната помош; (2) формите и достапноста; и (3) одржливите финансиски механизми.

**Специфични цели на рамката за Правно зајакнување:**

- Зголемување на правните услуги во заедниците преку зголемување на бројот на услуги за Ромите, сексуалните работници, сиромашните и жените кои работат во текстилната индустрија, корисниците на дроги и другите маргинализирани групи, како и преку градење на релации помеѓу различните модалитети за давање правни и параправни услуги;
- Примена на истражувањата за застапувачки цели на локално/национално ниво за да се влијае на властите да се обврзат да ги вклучат правните/параправните услуги во заедниците во своите политики и надлежности;
- Градење синергии и зајакнување на капацитетите на мрежата на организции кои работат на правно зајакнување на маргинализирани групи.

## III. Цели на истражувачките активности на споделената рамка за правно зајакнување

Поттикнати од претпоставката дека патека за зајакнување на правните сервиси и институционализацијата преку одржливи политики се возможни само со помош на постоење кредибилни податоци и докази за правните потреби, споделената рамка на ФООМ за Правно зајакнување во текот на 2016 и 2017 поддржа четири истражувачки проекти: (1) Истражување за знаењето на граѓаните за Законот за бесплатна правна помош; (2) Истражување за правната моќ и пристапот до правда на корисниците на дрога и сексуалните работници (3) Истражување за

правните потреби на Ромите во РМ, и (4) Истражување на придобивките наспроти трошоците од обезбедувањето на правни и параправни сервиси/услуги.

## V. Цели, клучни продукти и временска рамка на медиумската кампања за запознавање на општата јавност со концептот на правно зајакнување:

**Општа цел:**
Да се зголеми видливоста и достапноста на податоците од истражувачките проекти на споделената рамка за Правно зајакнување и да се подобри искористеноста на доказите со цел подобрување на политиките за правните сервиси на локално и национално ниво.

Продуктите кои треба да се изработат во рамките на овој повик се само дел од комуникациските алатки и канали, кои се предвидени во рамките на пошироката комуникациската стратегија за правно зајакнување на ФООМ и на трите разделни стратегии (во прилог на овој повик) насочени кон специфични целни групи. Затоа, фирмите понудувачи, при изработката на понудите, треба се водат од комуникациската стратегија за медиумска кампања (документ „Комуникациска стратегија за запознавање на општата јавност со концептите на правно зајакнување и пристап до правда“). Со цел подобро запознавање со специфичните целни групи, ги доставуваме во прилог и трите разделни комуникациски стратегии (кои не се предмет на овој повик).
Како основа за изработка на своите понуди понудувачите да ги имаат предвид доставените прилози на овој повик.

**Медиумската кампања е планирано да започне на 15.02.2018 и да трае еден месец (до 15.03.2018)**

| Продукти изработени врз основа на комуникациската стратегија за кампањата за правно зајакнување | Временска рамка |
|---|---|
| **Алатка 1. Промотивно рекламно видео** (во траење 45-60 секунди), дистрибуирано на национално ниво (преку национални и локални ТВ станици) | Завршена продукција на видеото до 15 јануари 2018 (01.12-15.01.2018) |
| **Алатка 2. Радио реклами**, дистрибурани на национално и локално ниво – | (15.02-15.03.2018) |
| **Алатка 3. Инфо денови/Отворени денови** – промотивни активности низ државата каде што граѓаните ќе можат подетално да се запознаат со концептот и правната рамка, како и со услугите | (15.02-15.03.2018) |
| **Алатка 4. Прес-конференција** – за означување на почетокот на медиумската кампања | 15.02.2018 |
| **Алатка 5. Веб страница** – едукативно-информативна | 01.12-15.05.2018 |
| **Алатка 6. Дизајн на печатени промотивни материјали** – наменети за инфо/отворени денови | (15.02-15.03.2018) |
| **Алатка 7. Односи со јавност и медиуми** | (15.02-15.03.2018) |

| Алатка 8. Медиумски закуп (ТВ, радио, онлајн медиуми) | (15.02-15.03.2018) |
| --- | --- |

Забелешка: Активностите и материјалите наведени во комуникациската стратегија за медиумската кампања се задолжителни и потребно е да се достават концепти за секој од нив поoделно. Но, се охрабруваат понудувачите да предложат концепти и за дополнителни материјали/активности, надвор од рамката на комуникациската стратегија, доколку сметаат дека дополнително и поефективно ќе ја постигнат комуникациската цел.

## VI. Прилози:

- Комуникациска стратегија за запознавање на општата јавност со концептите на правно зајакнување и пристап до правда
- 3 презентации и првични наоди од трите истражувачки проекти
- 3 комуникациски стратегии за промоција на наодите од истражувањата (кои не се предмет на овој Повик)

За да ги добиете документите кои се во прилог на ова барање потребно е да се обратите на следните e-mail адреси: suzana.velkovska@fosm.mk , hristina.vasilevska@fosm.mk и ivona.stalevska@fosm.mk , најдоцна до 16.10.2017.

## VII. Правна форма на ангажманот

Идеално, ФООМ ќе склучи договор со еден понудувач/правно лице за реализација на СИТЕ клучни продукти/очекувани резултати, влучително и за имплементација на предложените комуникациски алатки во рамките на акцискиот план (кампања, видеа, веб портали и сл) наведени во повикот.

## VIII. Доставување на понуда

Понудата треба да содржи:

- Портфолио на правното лице и професионални биографии (CV) на лидерот и на сите предложени членови на тимот со јасна назнака на улогата/задачата на која тој/таа ќе работи;
- Предлог концепт/и за медиумската кампања, со сите предвидени активности и продукти
- План за медиумски закуп (национално и локално ниво, ТВ, радио, онлајн медиуми)
- Предлог буџет. Буџетот треба да биде изработен на таков начин што ќе даде цена за секоја алатка/активност поединечено, назначувајќи количина, времетраење и слично (онаму каде што е апликативно)

## IX. Критериуми за избор

Изборот на добавувачот ќе се изврши врз основа на квалитетот на понудените концепти, на финансиската понуда, како и портфолиото на правното лице и професионални биографии (CV), според следнава скала на бодување:

**1. Концепт за спроведување на медиумска кампања (40 поени)**
**2. Предлог буџет (40 поени)**
**3. Портфолио на правното лице и биографии на лидерот и на членовите на предложениот тим (20 поени)**

*Важна забелешка:* ФООМ го задржува правото да не избере понудувач доколку процени дека доставените предлози не одговараат во целост со потребите. ФООМ исто така го задржува правото, во договор со избраниот понудувач, да ја промени временската динамика, како и да ги модифицира барањата врзани за клучните продукти/очекувани резултати. Во случај на потреба од дополнителни продукти надвор од оние дефинирани во Повикот, нивната изработка не смее да надмине повеќе од 20% од вкупната сума на понудата.

## X. Услови и начин на плаќање

Понудите кои нема да бидат прифатени не подлежат на обештетување од страна на ФООМ.
Плаќањето на прифатената понуда ќе биде извршено на принципот – 60 % по потпишување на договорот за испорака на услуги и 40% по целосна реализација на активностите (комуникациските алатки).

## XI. Начин на доставување на понудите

Понудата (во затворен плик), лично или по пошта, треба да ја доставите **најдоцна до 30.10.2017 до 16.00 часот** со назнака за:

**Фондација Отворено општество – Македонија**
**Изработка на комуникациски алатки за имплементација на комуникациска стратегија за запознавање на општата јавност со концептот на правно зајакнување**
**Бул. Јане Сандански број 111, п. Фах 378, 1000 Скопје.**

**Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.**